**Известување за концентрација со која ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги, Хрватска ќе стекне контрола над Аптека ДЕЛТИС ФАРМ , Хрватска (предмет бр. 08-13/2026)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 14.01.2026 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација со која ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги, со седиште на ул. Мирамарска цеста бр. 23, Загреб, Република Хрватска,, ќе стекне контрола над Аптека ДЕЛТИС ФАРМ со седиште на ул. Јосипа Варговиќа 4/IV, Копривница, Република Хрватска по пат на купопродажба на удел.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги е трговско друшто чија дејност опфаќа производство и промет со лекови и други медицински производи, а особено производство, клиничко тестирање, увоз, брокерство, големопродажба и малопродажба на лекови и медицински производи, вклучувајќи и транспорт и маркетинг активности. ФАРМАЦИА Холдинг д.о.о. за услуги е во целосна сопственост на ATLANTIC GRUPA dioničko društvo za unutarnju i vanjsku trgovinu, со седиште на ул. Мирамарска бр. 23, Загреб.

ATLANTIC GRUPA dioničko društvo za unutarnju i vanjsku trgovinu е единствен сопственик на Atlantic Trade d.o.o. Hrvatsk кој е содружник со учество од 75% во друштвото: Друштво за промет и услуги АТЛАНТИЦ ТРАДЕ СКОПЈЕ ДОО Илинден, со седиште на ул. 35 бр. 33, Илинден и со дејност Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер.

Дополнително, Atlantic Trade d.o.o. Hrvatska, се јавува и како единствен содружник на друштвото Атлантик Гранд ДОО Шимановци (Atlantic Grand d.o.o. Šimanovci Srbija), кое пак е присутно на пазарот во Република Северна Македонија како единствен основач Друштво за производство, трговија и услуги АТЛАНТИЦ ГРАНД ДООЕЛ увоз – извоз Скопје со седиште на ул. Шар Планина бр. 6, Ѓорче Петров, Скопје н со сдејност Трговија на големо со кафе, чај, какао и зачини.

Аптека ДЕЛТИС ФАРМ е друштво чија дејност опфаќа малопродажба на лекови и медицински помагала, диететски производи и додатоци во исхраната, како и козметика за лична хигиена, нега и заштита на лицето и телото. Аптека ДЕЛТИС ФАРМ нема подружници и истиот не е присутен на пазарот во Република Северна Македонија.

За потребите на оценка на предметната концентрација, подносителот на известувањето предлага релевантниот пазар на производи да се дефинира како пазар на на малопродажба на фармацевтски производи и медицински помагала во Република Северна Македонија.
*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставaт забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

20.01.2026 година
Скопје